**20212594138**

**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

Врз основа на членовите 21 став (9) и 103 став (1) алинеја (2) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на седницата одржана на ден 18.11.2021 година донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И УПАТСТВОТО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА, АНЕКСОТ ЗА ФИНАНСИСКО ПОКРИТИЕ ЗА ОДГОВОРНОСТ ОД ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање на дозволата, анексот за финансиско покритие за одговорност од вршење дејност, формата и содржината на образецот на дозволата, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени дозволи за управување со железничката инфраструктура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/13), во целиот текст на Правилникот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 3 став (2) Назив 4 се бришат зборовите: „„23/11 и 80/12“ и по зборовите: „бр. 48/10“ се додаваат зборовите: „и со понатамошните измени и дополнувања“.

Член 3

Во целиот текст на Правилникот зборовите: „Мито Хаџивасилев Јасмин“ се заменуваат со зборовите: “Св. Кирил и Методиј“.

Член 4

Во Прилог 1 по кратенката „М.П.“ се дадаваат зборовите: „(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва“.

Член 5

Во целиот текст на Правилникот Грбот „ “

се заменува со Грбот „ “.

Член 6

Во целиот текст на Правилникот кратенката „ЦРРМ“ се заменува со кратенката „ЦРРСМ“.

Член 7

Во „Упатство за пополнување на формуларот“ во точка 1 се бришат зборовите: „„153/09, 43/10 и 185/11“ и по зборовите: „бр. 114/09“ се додаваат зборовите: „и со понатамошните измени и дополнувања“.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Агенција за регулирање на железничкиот сектор
Претседател
на Управен одбор,
**Раде Лазаревски,** с.р.

Бр. 01-350/1
18 ноември 2021 година
Скопје